| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Птиците во селскиот двор |
| **Содржина на денот** | Чук јајце, чукнете |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Адријана Станков |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Редовно миење на раце и одржување физичко растојание. Секојдневно вежбање и пешачење на чист воздух. |
| **Активности** | Запознајте го Вашето дете со најголемиот христијански празник Велигден. Велигден е празник кога христијанските верници одат во црква и си посакуваат живот полн со добрина и грижа едни за други. Објаснете му на детето дека јајцето претставува живот и раѓање. Црвеното јајце е симбол на Велигден. На Велики Четврток се бојадисуваат три јајца пред изгреј сонце, кои што носат среќа, а потоа се бојадисуваат и останатите во сите бои. На Велигден се спрема богата трпеза и се поздравува со поздравот „Христос Воскресе” –„Навистина Воскресе”.<br>Нека Ве набљудува детето кога ќе ги бојаидсувате јајцата, и нека Ви помага. Одделете му едно јајце и поттикнете го да го избои со четка и темперна боја,така што изборот на бојата ќе биде на детето.<br>Можете да играте и ликовна игра декупаж. За истата ќе ви биде потребно едно сварено јајце, разматена белка од јајце,четка за боење и велигденски салфетки. Дајте му на детето да исцепка од салфетката она што ќе му се допадне како прва постапка. Потоа со четка и белка нека го помине јајцето и нека ги лепи парчињата од салфетка.<br>Јајцата кои што ќе ги декорира детето ставете ги во корпата со другите бојадисани јајца, за детето да се почувствува гордо и задоволно. |